**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 39 и член 47 став 1 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12 и 43/14), Советот на Народната банка на Република Македонија донесе

# ОДЛУКА
## за изменување и дополнување на Одлуката за содржината и начинот на функционирање на Кредитниот регистар
## („Службен весник на Република Македонија" бр. 74/15)

1. Во Одлуката за содржината и начинот на функционирање на Кредитниот регистар („Службен весник на Република Македонија" бр. 186/13), во точката 1 алинеја 3, точката се заменува со точка и запирка и по алинејата 3 се додава нова алинеја 4 којашто гласи:

„- начинот на пристап на физичките лица до личните податоци од Кредитниот регистар."

2. Во точката 3 потточка 3.1., зборовите: „(„Службен весник на Република Македонија" бр. 67/07, 90/09, 67/10 и 26/13)" се заменуваат со зборовите: „(„Службен весник на Република Македонија" бр. 67/07, 90/09, 67/10, 26/13 и 15/15)".

Во потточката 3.4., зборовите: „(„Службен весник на Република Македонија" бр. 34/01, 49/01, 103/01, 51/03, 81/08, 24/11 и 135/11)" се заменуваат со зборовите: „(„Службен весник на Република Македонија" бр. 34/01, 49/01, 103/01, 51/03, 81/08, 24/11, 135/11 и 188/13)".

По потточката 3.4. се додаваат три нови потточки 3.5., 3.6. и 3.7., коишто гласат:

„3.5. Под „личен податок" се подразбира податок и информација од Кредитниот регистар којшто се однесува на идентификувано физичко лице или физичко лице коешто може да се идентификува, а лице кое може да се идентификува е лице чиј идентитет може да се утврди директно или индиректно, посебно врз основа на единствен матичен број на граѓанинот.

3.6. Под „погрешен податок" се подразбира нецелосен, неправилен, неточен или неажуриран личен податок.

3.7. Под „коригирање погрешен податок" се подразбира дополнување, измена или престанок на користење на погрешниот податок."

3. Во точката 7 ставовите 2 и 3 се менуваат и гласат:

„Банките и штедилниците се должни да воспостават јасни правила и процедури за обезбедување на точноста на податоците и информациите што се

доставуваат до Кредитниот регистар, вклучително и за коригирањето на погрешните податоци.

Ако клиентот - физичко лице приложи писмено барање за коригирање погрешен податок до банката или штедилницата, со докази дека неговите лични податоци во Кредитниот регистар се погрешни, банката или штедилницата е должна да ги коригира погрешните податоци.‟

4. По точката 8 се додаваат две нови точки 8-а. и 8-б., коишто гласат:

„8-а. За коригирање на погрешните податоци во Кредитниот регистар, банките и штедилниците внесуваат електронска порака - Барање за корекција, во рок од пет (5) работни дена по приемот на барањето од точка 7 став 3 од оваа одлука.

Народната банка ѝ го враќа некомплетното барање на банката или штедилницата во рок од два (2) работни дена по приемот на барањето од став 1 од оваа точка.

Банките и штедилниците се должни да го комплетираат барањето во рок од два (2) работни дена по приемот на известувањето од Народната банка од ставот 2 од оваа точка.

Коригирањето на погрешните податоци во Кредитниот регистар се спроведува во рок од три (3) работни дена од приемот на комплетното барање.

За извршената корекција веднаш се испраќа електронска порака - Известување за корекција до сите банки и штедилници.

Содржината на електронските пораки од ставот 1 и 5 од оваа точка е определена во Упатството од точката 13 од оваа одлука.

8-б. Банките и штедилниците се должни да повлечат нова состојба од Кредитниот регистар за физичкото лице за кое добиле Известување за корекција од точката 8-а став 5 од оваа одлука, наредниот ден од денот на добивањето на известувањето, со примена на одредбите од точката 10 на оваа одлука.‟

5. Точката 9 се менува и гласи:

„9. Овластените лица од точка 14 од оваа одлука пристапуваат до податоците и информациите во Кредитниот регистар по претходна идентификација и проверка на авторизираниот пристап. Народната банка ги евидентира пристапите на овластените лица.‟

6. По точката 12 се додава нова глава: **„IV-А. НАЧИН НА ПРИСТАП НА ФИЗИЧКИТЕ ЛИЦА ДО ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ ОД КРЕДИТНИОТ РЕГИСТАР‟** и две нови точки 12-а. и 12-б., коишто гласат:

**„IV-А. НАЧИН НА ПРИСТАП НА ФИЗИЧКИТЕ ЛИЦА ДО ЛИЧНИТЕ ПОДАТОЦИ ОД КРЕДИТНИОТ РЕГИСТАР**

12-а. Секое физичко лице има право на пристап до личните податоци од Кредитниот регистар за последниот извештаен период со користење на прилозите 1, 2 и 3, коишто се составен дел на оваа одлука.

За добивање на податоците од ставот 1 од оваа точка, физичкото лице поднесува писмено барање до Народната банка, дадено во прилогот 1 на оваа одлука.

Барањето се поднесува лично од физичкото лице или преку овластен полномошник. Образецот за полномошто, коешто се дава единствено за добивање податоци од Кредитниот регистар, е дадено во прилогот 2 на оваа одлука.

Образецот на барањето и полномоштвото може да се подигнат во Народната банка или да се преземат од интернет-страницата на Народната банка.

Со барањето се приложува уплатница за уплатен надоместок, согласно со тарифата на надоместоци за услугите што ги врши Народната банка.

12-б. По поднесеното барање се издава Извештај од Кредитниот регистар, даден во прилогот 3 од оваа одлука. Извештајот се изготвува најдоцна во рок од пет (5) работни дена од денот на приемот на барањето.

Извештајот од Кредитниот регистар му се издава лично на физичкото лице или на полномошникот од точка 12-а став 3 од оваа одлука, чијшто идентитет се потврдува со покажување важечки документ за идентификација (лична карта/пасош). Заради заштита на личните податоци, Извештајот од Кредитниот регистар се издава во затворен плик, запечатен и заштитен согласно со прописите за архивскиот материјал.‟

7. Во точката 13, точката се заменува со запирка и се додаваат зборовите: „како и начинот на коригирање на погрешните податоци.‟

8. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија‟.

**О. бр. 02-15/IV -3/2015**
**30 април 2015 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**и претседавач**
**на Советот на Народната банка**
**на Република Македонија**
**Димитар Богов**

## ПРИЛОГ 1

До
Народната банка на Република Македонија

# БАРАЊЕ

Од_________________________________________________________ со ЕМБГ______________________________, со адреса на живеење ______________________________________________________________________ ,

барам да ме известите за податоците коишто се обработуваат за мене во збирката на личните податоци - Кредитен регистар, со последната расположлива состојба.

Податоци за полномошникот: име и презиме__________________ ______________, број на лична карта или пасош _______________, со адреса на живеење ______________________________________________________________________

Телефон за контакт : ____________________

Се согласувам личните податоци наведени во барањето да се употребат за добивање Извештај од Кредитниот регистар, којшто го води контролорот, Народната банка на Република Македонија.

Во ____________ ___________
датум

БАРАТЕЛ:

________________________

---

**Упатство за уплата**

Уплатата да се изврши на **образецот** ПП **10 со** следниве податоци:
Повикување на **бројот: 12071180**

Цел на дознаката: Податоци од Кредитниот регистар
Назив на примачот: Народна банка на Република Македонија
Банка на примачот: Народна банка на Република Македонија
Сметка: **100000000011103**
Износ за плаќање: **590,00** денари
Шифра: **930**

**Барањето се доставува до Народната банка на Република Македонија со задолжително приложување на оригиналот од уплатницата (образец ПП 10).**
**Документот за лична идентификација на барателот/полномошникот, задолжително се покажува при подигањето на одговорот на барањето.**

**ПРИЛОГ 2**

**П О Л Н О М О Ш Н О**

**Физичкото лице**

име и презиме_______________________________________________________

адреса на живеење___________________________________________________

ЕМБГ___________________________________________________, **<u>го овластува</u>**

**Полномошникот**

име и презиме________________________________________________________

адреса на живеење____________________________________________________

број на лична карта или пасош __________________________________________

Во име и за сметка на физичкото лице да ги преземе сите дејствија пред Народната банка на Република Македонија, во врска со издавањето Извештај од Кредитниот регистар за потребите на

________________________________________________________________.

*(име и презиме на физичкото лице-овластувач)*

**Ова полномошно мора да биде заверено на нотар и не може да се користи за други цели.**

____________________________________

*(име и презиме на физичкото лице-овластувач)*

Датум_______________

Место________________

**ПРИЛОГ 3**

**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

---

**„ИНТЕРНО“**

Дирекција за вонтеренска супервизија и лиценцирање

Скопје, ________година

Бр.

До

**Извештај од Кредитниот регистар**

Почитувани,

Во врска со Вашето барање за добивање податоци од Кредитниот регистар, Ве известуваме дека во Кредитниот регистар, кој Народната банка на Република Македонија го има воспоставено и го води согласно со член 39 од Законот за Народната банка на Република Македонија („Службен весник на Република Македонија“ бр. 158/10, 123/12 и 43/14), се обработуваат следните податоци за Вас:

1. Име и презиме
2. Единствен матичен број
3. Изложеност во __ банки/штедилници
4. Отпишани побарувања од билансната евиденција во __ банки/штедилници
5. Гарантира во __ банки/штедилници
6. Последен датум на пријавени лични податоци

---

Банките и штедилниците доставуваат податоци и информации до Народната банка за водење на Кредитниот регистар. Корисници на Кредитниот регистар се Народната банка и банките и штедилниците коишто имаат добиено дозвола за основање и работење од гувернерот на Народната банка.

Во согласност со Одлуката за содржината и начинот на функционирање на Кредитниот регистар („Службен весник на Република Македонија" бр. 186/13), банките се должни да достават податоци за: домашни и странски банки, нерезиденти, домашни небанкарски финансиски институции, останати домашни нефинансиски правни лица со вкупна изложеност на кредитен ризик над 300 илјади денари, како и за домашни физички лица и трговци на мало, со вкупна изложеност на кредитен ризик над 5 илјади денари.

Штедилниците задолжително доставуваат поединечни податоци за сите правни лица со вкупна изложеност на кредитен ризик над 50 илјади денари и за сите физички лица и трговци на мало, со вкупна изложеност на кредитен ризик над 5 илјади денари.

Народна банка ги користи податоците од Кредитниот регистар како дел од спроведувањето на својата супервизорска функција, од аспект на анализа на кредитниот ризик на кој се изложени банките и штедилниците во своето работење. Банките и штедилниците ги користат податоците од Кредитниот регистар како помошно средство во оценување на кредитната способност на секој нов или постоен клиент.

Напомена: Податоците содржани во Кредитниот регистар не можат да бидат единствена основа за донесување судска одлука или друга одлука што произведува правно дејство спрема некое лице или значително го засега тоа лице. Во случај на погрешни податоци, треба да се обратите во банката/штедилницата која ги доставила погрешните податоци и која треба да ги изврши соодветните измени, согласно со Одлуката за содржината и начинот на функционирање на Кредитниот регистар.

| | |
|---|---|
| Изготвил | Директор |
| ________________ | ________________ |